









а Северна Македонија
просветен инспекторат

предмети Политички систем, Финансиско пр
УТ-Тетово.
рувањето на работниот однос на Сафет Емр
етово, поведува постапки и распишување на Ко
чни звања.
аведеното од извршениот редовен инспекциски н
Тетово државниот просветен инспектор констати
а доцент, вонреден професор на д-р Сафет Ем
ња е незаконит од причина што неговиот раб
огласно член 151 од Законот за работни односи, ка
тав 3 од Закон за високо образование на РМ
15/10, 17/11, 51/11,123/12, 15/13, 24/13, 41/14,
145/15,154/15, 30/16 и 127/16) цитирам: „Времето з
продолжува за времето кое е поминато на по
подолго од шест месеци, како и мирување на р
еделени со закон". Согласно член 31 од Зако
„Службен весник на Република Македонија" бр. 52
, 24/13, 137/13, 164/13,41/14, 33/15, 145/15 и

Раководител на одделение, Е
Ѓорѓи Илиевски

дговорно лице за произнесување

о:
во; Архива.


Инспекцискиот надзор го извршија:
1. Ѓорѓи Илиевски - Раководител на о

Инспекцискиот надзор се изврши во
1. Адем Беадини-Ген.секретар на уни
2. Флоријан Несими-правна служба

КОНСТАТИРАНА

По разгледувањето на документацијата
со присутните одговорни лица на УТ- Правен
просветен инспектор ја констатира следната со
1. д-р Агим Нухиу - вонреден професор
Доктор на правни науки стекната на Универ
Албанија, со број на диплома број 592
Нострифицирана од страна на Министерств
Решение бр.14.8107/05 од 30.04.2013 година, з
квалификација стекната во странство трет ци
областа на граѓанското право
- Со Одлука бр.02-6886/1 од 29.11.2013 годин
звање доцент по предметот Граѓанско право,
Правниот факултет во Тетово.
Универзитетот Тетово донесува Решение бр.
мирување на работниот однос на доц.д-р А
година, па се додека ја врши функцијата заме
Министерството за внатрешни работи на Вл
Издаденото Решение е согласно член 151
Именованиот и на денот на инспекцискиот на
министер во Министерството за внатрешни
работниот однос Универзитетот Тетово во
распишува Конкурс во дневниот печат Коха н
еден наставник за предметите Граѓанско Прав
Правниот факултет на УТ-Тетово.Формирана
еден кандидат доц.д-р Агим Нухиу. Реценз
Наставно-научниот совет и Ректорската управа
да биде избран во звање Вонреден профес
Граѓанско процесно право.
Ректорската управа на универзитетот во Тетов
03.11.2017 година доц.д-р Агим Нухиу да
звање вонреден професор на Правниот фак
Од напред наведеното од извршениот редове
факултет во Тетово државниот просветен инс
за избор на доц.д-р Агим Нухиу во наставно-н
незаконит од причина што неговиот работен

# Another SUT scandal: Two officials illegally became associate professors, claims education inspector Ilievski

06.06.2019 Category: Our topic

Prepared by: Milena Atanasoska-Manasieva / milena.atanasoska@fakulteti.mk
Lecturer: Ivana Kuzmanoska

**Anticorruption also investigates whether Deputy Minister of Interior Agim Nuhiu and the director of the State Office of Industrial Property, Safet Emruli, were illegally promoted in teaching and academic titles**

In addition to the Minister of Education and Science Arber Ademi, two current government officials illegally obtained teaching and scientific titles at the Faculty of Law at the State University of Tetova - Deputy Minister of Interior Agim Nuhiu and Director of the State Office of Industrial Property, Safet Emruli, claims the education inspector Gjorgji Ilievski. Emruli told Fakulteti.mk that he would not comment on the case, and Deputy Minister Nuhiu has not yet answered our questions.

## Officials decline to comment

The State Commission for Prevention of Corruption is also investigating whether it is illegal because the jobs of these officials at the University of Tetovo were dormant when they acquired the new teaching and academic titles. The complaint to the Anticorruption Agency was submitted by the inspector Gjorgji Ilievski on May 13 this year. They told us that the case is extensive and that a procedure for further investigation of this case will be opened. Ilievski says that the illegality was determined during a regular inspection at the University of Tetovo in April this year.

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

[redacted]

Даночен број: 4028004139891
ЕМБС: 5895138
Сметка на буџетски корисник: 160016005478810
Депонент: Народна Банка на РМ
Тел: 044-356-500


Република Северна Македонија
Државен просветен инспекторат

Ип1Бр. 09-942
15.04.2019 год.

ул. Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. (02) 3140 103
Е-пошта: dpi@mon.gov.mk
Веб страна:
www.dpi.mon.gov.mk


## З А П И С Н И К

**Од редовен инспекциски надзор на Универзитеот Тетово – Правен факултет-Тетово, извршен на ден 01 и 12.04.2019 година**

Инспекцискиот надзор се изврши врз основа на член 2 став 2 и член 9 став 1 точка 6 и 18 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13,41/14, 33/15, 145/15 и 30/16), член 166. 167, 168, 169, и 170 и член 206 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2018),а по однос на избор во наставно-научни, соработнички звања, како и по Годишна програма на Државниот просветен инспекторат за 2018 година.

Цел на инспекцискиот надзор е избор во наставно-научно звање на наставниот кадар на Правниот факултет – Тетово..

**Инспекцискиот надзор го извршија:**
**1. Ѓорѓи Илиевски - Раководител на одделение - Виш инспектор**

**Инспекцискиот надзор се изврши во присуство на:**
**1. Адем Беадини-Ген.секретар на универзитетот**
**2. Флоријан Несими-правна служба**

### КОНСТАТИРАНА СОСТОЈБА

По разгледувањето на документацијата и извршениот службен разговор со присутните одговорни лица на **УТ- Правен факултет - Тетово**, Државниот просветен инспектор ја констатира следната состојба:

1. **д-р Агим Нухиу - вонреден професор**

Доктор на правни науки стекната на Универзитетот во Тирана - Република Албанија, со број на диплома број 592 издадена на 21.03.2013 година. Нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.14.8107/05 од 30.04.2013 година, за признавање на високообразована квалификација стекната во странство трет циклус - Доктор на правни науки од областа на граѓанското право

- Со Одлука бр.02-6886/1 од 29.11.2013 година, се избира во наставно **научно звање доцент** по предметот Граѓанско право, Граѓанско процесно право на УТ-Правниот факултет во Тетово.

Универзитетот Тетово донесува Решение бр.02-1245/1 од 13.04.2016 година за мирување на работниот однос на доц.д-р Агим Нухиу сметано од 04.04.2016 година, па се додека ја врши функцијата заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи на Владата на Република Македонија. Издаденото Решение е согласно член 151 од Законот за работни односи. Именованиот и на денот на инспекцискиот надзор е во работен однос заменик министер во Министерството за внатрешни работи. И покрај мирувањето на работниот однос Универзитетот Тетово во Тетово, поведува постапка и распишува Конкурс во дневниот печат Коха на 1 јуни 2017 година, за избор на еден наставник за предметите Граѓанско Право и Граѓанско процесно право, на Правниот факултет на УТ-Тетово.Формирана е рецензиона комисија, пријавен е еден кандидат доц.д-р Агим Нухиу. Рецензионата комисија му предлага на Наставно-научниот совет и Ректорската управа на УТ-Тетово доц.д-р Агим Нухиу да биде избран во **звање Вонреден професор** по предметите Граѓанско право, Граѓанско процесно право.

Ректорската управа на универзитетот во Тетово донесува Одлука бр.04-3820/1 од 03.11.2017 година доц.д-р Агим Нухиу да биде избран во **наставно-научно звање вонреден професор** на Правниот факултет при УТ-Тетово.

Од напред наведеното од извршениот редовен инспекциски надзор на Правниот факултет во Тетово државниот просветен инспектор констатира дека постапката за избор на доц.д-р Агим Нухиу во наставно-научно звање вонреден професор е незаконит, од причина што неговиот работен однос е во мирување, како заменик

---

Република Северна Македонија
**Државен просветен инспекторат**

[redacted]

наставните предмети Политички систем, Финансиско право на Правниот факултет при УТ-Тетово.

И покрај мирувањето на работниот однос на Сафет Емрули, Универзитетот Тетово во Тетово, поведува постапки и распишување на Конкурси за избор во наставно-научни звања.

Од напред наведеното од извршениот редовен инспекциски надзор на Правниот факултет во Тетово државниот просветен инспектор констатира дека постапките за избор на доцент, вонреден професор на д-р Сафет Емрули во наставно-научно звања е незаконит од причина што неговиот работен однос е во мирување, согласно член 151 од Законот за работни односи, како и спротивно на член 135 став 3 од Закон за високо образование на РМ (бр.35/2008,103/08, 26/09,83/09,115/10, 17/11, 51/11,123/12, 15/13, 24/13, 41/14,16/14,130/14,10/15, 20/15 ,98/15,145/15,154/15, 30/16 и 127/16) цитирам: „Времето за распишување на конкурс се продолжува за времето кое е поминато на породилно отсуство, боледување подолго од шест месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон". Согласно член 31 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/05, 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13,41/14, 33/15, 145/15 и 30/16), ќе следи решение.

**Раководител на одделение, Виш инспектор**
**Ѓорѓи Илиевски**

**Потпис на одговорно лице за произнесување**

**Доставено до:**
**ДПИ; УТ-Тетово; Архива.**

The complaint submitted to Anticorruption states:

"The procedure for electing Dr. Agim Nuhiu as a teaching-scientific associate professor is illegal, due to the fact that his employment is dormant following election as Deputy Minister in the Ministry of Interior in the Government of the Republic of Macedonia."



Agim Nuhiu / Photo: MIA

Inspector Ilievski told Fakulteti.mk that the decision to suspend Nuhiu's appointment as an assistant professor at the Faculty of Law was made on April 13, 2016, for as long as he holds the position of Deputy Minister, in accordance with the Law on Labor Relations. - But, in the period of dormancy, the University of Tetova initiated a procedure and announced a competition for selection of a teacher. The election of Assistant Professor Dr. Agim Nuhiu is premature, with two initiatives from the private University Mesdetar- Tirana and the Private International University in Struga and he is elected associate professor in the academic-teaching title.

The decision is from November 3, 2017. I concluded that this decision is illegal because his employment has been put on hold - says Ilievski. In the Decision from the University of Tetova from April 13 for dismissal of Nuhiu's job as an assistant professor, it is written that after the termination of the office of Deputy Minister or other public office to which he is appointed, he has the right to return to work with the employer within the deadline determined by law to perform activities that correspond to his level of professional training. We asked the Deputy Minister for comment, but an office employee called on his cell phone and told us that Nuhiu was busy. We were unable to obtain his statement before the article was published.



UNIVERSITETI SHTETËROR I TETOVËS
STATE UNIVERSITY OF TETOVA - ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
SUT Rectorate - Ilinden nn, 1200 Tetovo, Macedonia
Tel: +389 44 356 500; Fax: +389 44 334 222, email: international@unite.edu.mk

Nr.-Бр. 02-1245/1
13-04 2016 viti/год.
Tetove - Тетово

Врз основа на член 151 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ. бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15), Ректорот на Универзитетот проф. д-р Вулнет Амети го донесе следново:

**РЕШЕНИЕ**
За мирување на работниот однос на доц. д-р Агим Нухиу

На доц. д-р Агим Нухиу, вработен во редовен работен однос на Универзитетот во Тетово, како доцент на Правен факултет, му мирува работниот однос, и тоа сметано од 04.04.2016 година, па се додека ја врши функцијата заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи на Владата на Република Македонија.

Доц. д-р Агим Нухиу по престанокот на вршењето на функцијата заменик на министерот или друга јавна функција на која е именуван, има право во рокот утврден со закон да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

**Образложение**

Доц. д-р Агим Нухиу, со Одлука на Собранието на Република Македонија број 08-2076/1 од 05.04.2016 година е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи на Владата на Република Македонија.

Во согласност со член 151 од Законот за работни односи, именуваниот има право во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата заменик министер, да се врати на работа во Универзитетот во Тетово.

Имајќи го в предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

По еден примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, правната служба, сметководството и архивата на Универзитетот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение именуваниот има право на приговор во рок од 8 дена од денот на донесувањето на Решението, до Ректорската управа на Универзитетот.

**Тетово, 12.04.2016**

Ректор,
Проф. д-р Вулнет Амети



Врз основа на член 151 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ. бр. 62/05) и писменото барање на м-р Сафет Емрули, асистент, бр. 02-6256/1 од 01.09.2008, доставено до Проф. д-р Сади Бецети, Ректор на Универзитетот, го донесувам следното

**РЕШЕНИЕ**
**За мирување на Договорот за вработување поради именување на М-р Сафет Емрули, за Директор на Државниот завод за индустриска сопственост**

1. На М-р Сафет Емрули, асистент на Државниот Универзитет во Тетово, вработен во редовен работен однос на Правен Факултетот. Работниот однос со Универзитетот му мирува бидејќи именуваниот е именуван за Директор на Државниот завод за индустриска сопственост.
2. **Работниот однос на М-р Сафет Емрули, му мирува почнувајќи од 13.08.2008 година, до завршување на мандатот за Директор на Државниот завод за индустриска сопственост.**

**Образложение**

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 август 2008 година донесе одлука за именување Директор на Државниот завод за индустриска сопственост М-р Сафет Емрули, асистент на Државниот Универзитет во Тетово.

Именуваниот достави писмено барање бр. 02-6256/1 од 01.09.2008 година, за мирување на Договорот за вработување со Универзитетот, за периодот од 13.08.2008 година до истекот на мандатот Директор на Државниот завод за индустриска сопственост.

Во согласност со член 151 од Законот за работни односи, именуваниот има право, во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата Директор на Државниот завод за индустриска сопственост, да се врати на работа на Државниот Универзитет во Тетово.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Оваа Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

По едно Решение од овој примерок да се достави до именуваниот, правната служба, сметководството и архивата на Универзитетот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение именуваниот има право на приговор во рок од 8 дена од денот на донесување на оваа Решение до Ректорската управа на Универзитетот

Ректор

**He was promoted, although his employment was dormant, the inspector determined**

According to Ilievski, the director of the State Institute for Industrial Property, Safet Emruli, illegally became an assistant professor and associate professor at the Faculty of Law at SUT.
- I concluded that the procedure for selection of Dr. Safet Emruli for selection in academic-teaching titles assistant professor, and associate professor is illegal, because his employment is dormant as director of the State Office of Industrial Property, according to Article 151 of the Law for labor relations, as well as contrary to Article 135, paragraph 3 of the Law on Higher Education. He is still the director of this institution, ie since 2008, and in the meantime he has been promoted to assistant professor and associate professor - says Ilievski.

Director Emruli did not want to comment on the case in a telephone conversation. "I have no official information and I have nothing to comment on," he told us.



Safet Emruli / Photo: ippo.gov.mk

The University of Tetova told us yesterday that they did not receive any decisions, ie the minutes from the State Education Inspectorate in which the inconsistencies were ascertained. Inspector Gjorgji Ilievski says that the letters are returned to him with the remark "not accepted". He informed the Anticorruption Agency about this, which is investigating the case.

UNIVERSITY OF TETOVO ILLEGALITY TEACHING SCIENTIFIC TITLES STATE COMMISSION FOR PREVENTION OF CORRUPTION SAFET EMRULI GJORGJI ILIEVSKI AGIM NUHIU












а Северна Македонија
просветен инспекторат

предмети Политички систем, Финансиско п
УТ-Тетово.
рувањето на работниот однос на Сафет Емр
етово, поведува постапки и распишување на Ко
чни звања.
аведеното од извршениот редовен инспекциски н
Тетово државниот просветен инспектор констати
а доцент, вонреден професор на д-р Сафет Ем
ња е незаконит од причина што неговиот раб
огласно член 151 од Законот за работни односи, ка
тав 3 од Закон за високо образование на РМ
115/10, 17/11, 51/11,123/12, 15/13, 24/13, 41/14,
145/15,154/15, 30/16 и 127/16) цитирам: „Времето з
продолжува за времето кое е поминато на по
подолго од шест месеци, како и мирување на ра
еделени со закон". Согласно член 31 од Зако
„Службен весник на Република Македонија" бр. 52
, 24/13, 137/13, 164/13,41/14, 33/15, 145/15 и

Раководител на одделение, Е
Ѓорѓи Илиевски

дговорно лице за произнесување

о:
во; Архива.



Инспекцискиот надзор го изврши ја:
1. Ѓорѓи Илиевски - Раководител на о

Инспекцискиот надзор се изврши во
1. Адем Беадини-Ген.секретар на уни
2. Флоријан Несими-правна служба

КОНСТАТИРАНА

По разгледувањето на документацијата
со присутните одговорни лица на УТ- Правен
просветен инспектор ја констатира следната со
1. д-р Агим Нухиу - вонреден професор
Доктор на правни науки стекната на Универ
Албанија, со број на диплома број 592
Нострифицирана од страна на Министерств
Решение бр.14.8107/05 од 30.04.2013 година, з
квалификација стекната во странство трет ци
областа на граѓанското право
- Со Одлука бр.02-6886/1 од 29.11.2013 годин
звање доцент по предметот Граѓанско право,
Правниот факултет во Тетово.
Универзитетот Тетово донесува Решение бр.
мирување на работниот однос на доц.д-р А
година, па се додека ја врши функцијата заме
Министерството за внатрешни работи на Вл
Издаденото Решение е согласно член 151
Именованиот и на денот на инспекцискиот на
министер во Министерството за внатрешни
работниот однос Универзитетот Тетово в
распишува Конкурс во дневниот печат Коха н
еден наставник за предметите Граѓанско Пра
Правниот факултет на УТ-Тетово.Формирана
еден кандидат доц.д-р Агим Нухиу. Реценз
Наставно-научниот совет и Ректорската управа
да биде избран во звање Вонреден профес
Граѓанско процесно право.
Ректорската управа на универзитетот во Тетов
03.11.2017 година доц.д-р Агим Нухиу да
звање вонреден професор на Правниот фак
Од напред наведеното од извршениот редове
факултет во Тетово државниот просветен инс
за избор на доц.д-р Агим Нухиу во наставно-н
незаконит, од причина што неговиот работен

# Уште еден скандал на ДУТ: Двајца функционери незаконски станале вонредни професори, тврди просветниот инспектор Илиевски

06.06.2019 Категорија: Наша тема

Подготвил: Милена Атанасоска-Манасиева / milena.atanasoska@fakulteti.mk
Лектор: Ивана Кузманоска

**Антикорупциска испитува и дали заменик-министерот за внатрешни работи Агим Нухиу и директорот на Државниот завод за индустриска сопственост, Сафет Емрули, незаконски напредувале во наставно-научни звања**

**Покрај министерот за образование и наука Арбер Адеми,** и двајца сегашни функционери во Владата незаконски се стекнале со наставно-научни звања на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово - заменик-министерот за внатрешни работи Агим Нухиу и директорот на Државниот завод за индустриска сопственост, Сафет Емрули, тврди просветниот инспектор Ѓорѓи Илиевски. Емрули за Факултети.мк рече дека нема да го коментира случајот, а заменик-министерот Нухиу сè уште не одговорил на нашите прашања.

## Функционерите не даваат изјави

И Државната комисија за спречување корупција истражува дали станува збор за незаконитост бидејќи работните места на овие функционери на тетовскиот универзитет им биле во мирување кога се стекнале со новите наставно-научни звања. Претставката до Антикорупциска ја поднел инспекторот Ѓорѓи Илиевски на 13 мај оваа година, а оттаму ни изјавија дека случајот е обемен и дека ќе се отвори постапка за натамошно истражување по овој предмет. Илиевски вели дека незаконитоста е утврдена при редовен инспекциски надзор на тетовскиот универзитет во април оваа година.

Република Македонија“.



Агим Нухиу/ Фото: МВР

Инспекторот Илиевски за Факултети.мк вели дека решението за мирување на работниот однос на Нухиу како доцент на Правниот факултет е донесено на 13 април 2016 година, сѐ додека ја врши функцијата заменик-министер, согласно Законот за работни односи.

- Но, во периодот на мирување тетовскиот универзитет поведува постапка и распишува конкурс за избор на еден наставник. Изборот на доцент д-р Агим Нухиу му е предвремен, со две иницијативи од приватен универзитет Месдетар-Тирана и Приватниот меѓународен универзитет во Струга и се избира во наставно-научно звање вонреден професор. Одлуката е од 3 ноември 2017 година. Констатирав дека оваа одлука е незаконита бидејќи работниот однос му е ставен во мирување - вели Илиевски.

Во Решението од тетовскиот универзитет од 13 април за мирување на работното место на Нухиу како доцент пишува дека по престанокот на вршењето на функцијата заменик на министерот или друга јавна функција на која е именуван, има право во рокот утврден со закон да се врати на работа кај работодавецот за вршење работи што одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

Го побаравме заменик-министерот за коментар, но на неговиот мобилен телефон се јави вработен во кабинетот кој ни рече дека Нухиу е зафатен. До објавувањето на текстот не успеавме да добиеме негова изјава.



UNIVERSITETI SHTETËROR I TETOVËS
STATE UNIVERSITY OF TETOVA - ДРЖАВЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО
SUT Rectorate - Ilinden nn, 1200 Tetovo, Macedonia
Tel: +389 44 356 500; Fax: +389 44 334 222, email: international@unite.edu.mk

Nr.-Бр. 02-1245/1
13-04- 201 6 viti/год.
Tetove - Тетово

Врз основа на член 151 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ. бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15 и 129/15), Ректорот на Универзитетот проф. д-р Вулнет Амети го донесе следново:

**РЕШЕНИЕ**
За мирување на работниот однос на доц. д-р Агим Нухиу

На доц. д-р Агим Нухиу, вработен во редовен работен однос на Универзитетот во Тетово, како доцент на Правен факултет, му мирува работниот однос, и тоа сметано од 04.04.2016 година, па се додека ја врши функцијата заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи на Владата на Република Македонија.

Доц. д-р Агим Нухиу по престанокот на вршењето на функцијата заменик на министерот или друга јавна функција на која е именуван, има право во рокот утврден со закон да се врати на работа кај работодавачот за вршење на работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка.

**Образложение**

Доц. д-р Агим Нухиу, со Одлука на Собранието на Република Македонија број 08-2076/1 од 05.04.2016 година е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи на Владата на Република Македонија.

Во согласност со член 151 од Законот за работни односи, именуваниот има право во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата заменик министер, да се врати на работа во Универзитетот во Тетово.

Имајќи го в предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

По еден примерок од ова Решение да се достави до именуваниот, правната служба, сметководството и архивата на Универзитетот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение именуваниот има право на приговор во рок од 8 дена од денот на донесувањето на Решението, до Ректорската управа на Универзитетот.

**Тетово, 12.04.2016**

**Ректор,**
**Проф. д-р Вулнет Амети**



Врз основа на член 151 од Законот за работните односи (Сл. весник на РМ. бр. 62/05) и писменото барање на м-р Сафет Емрули, асистент, бр. 02-6256/1 од 01.09.2008, доставено до Проф. д-р Сади Беџети, Ректор на Универзитетот, го донесувам следното

**РЕШЕНИЕ**
**За мирување на Договорот за вработување поради именување на М-р Сафет Емрули, за Директор на Државниот завод за индустриска сопственост**

1. На М-р Сафет Емрули, асистент на Државниот Универзитет во Тетово, вработен во редовен работен однос на Правен Факултетот, Работниот однос со Универзитетот му мирува бидејќи именуваниот е именуван за Директор на Државниот завод за индустриска сопственост.
2. **Работниот однос на М-р Сафет Емрули, му мирува почнувајќи од 13.08.2008 година, до завршување на мандатот за Директор на Државниот завод за индустриска сопственост.**

**Образложение**

Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 14 август 2008 година донесе одлука за именување Директор на Државниот завод за индустриска сопственост М-р Сафет Емрули, асистент на Државниот Универзитет во Тетово.

Именуваниот достави писмено барање бр. 02-6256/1 од 01.09.2008 година, за мирување на Договорот за вработување со Универзитетот, за периодот од 13.08.2008 година до истекот на мандатот Директор на Државниот завод за индустриска сопственост.

Во согласност со член 151 од Законот за работни односи, именуваниот има право, во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата Директор на Државниот завод за индустриска сопственост, да се врати на работа на Државниот Универзитет во Тетово.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Оваа Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

По едно Решение од овој примерок да се достави до именуваниот, правната служба, сметководството и архивата на Универзитетот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение именуваниот има право на приговор во рок од 8 дена од денот на донесување на оваа Решение до Ректорската управа на Универзитетот

Ректор

**Напредувал, а работното место било во мирување, утврдил инспекторот**

Директорот на државниот завод за индустриска сопственост, Сафет Емрули, пак, според Илиевски, незаконски станал и доцент и вонреден професор на Правниот факултет при ДУТ.
- Констатирав дека постапката за избор на д-р Сафет Емрули за избор во наставно-научни звања доцент, па вонреден професор е незаконита, од причина што неговиот работен однос е во мирување како директор на Државниот завод за индустриска сопственост, согласно член 151 од Законот за работни односи, како и спротивно на член 135, став 3 од Законот за високото образование. Тој сè уште е директор на оваа институција, односно уште од 2008 година, а во меѓувреме напредувал во доцент и вонреден професор - вели Илиевски.

Директорот Емрули во телефонскиот разговор не сакаше да коментира за случајот.
- Јас немам никаков акт и немам што да коментирам - ни изјави тој.




Сафет Емрули/ Фото: ippo.gov.mk

Од тетовскиот универзитет вчера ни изјавија дека не добиле никакви решенија, односно записниците од Државниот просветен инспекторат во кои се констатирани недоследностите. Инспекторот Ѓорѓи Илиевски вели дека писмата му се враќаат со забелешка „не прима“. За ова ги известил и во Антикорупциска, која го истражува случајот.

ТЕТОВСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НЕЗАКОНИТОСТ НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА САФЕТ ЕМРУЛИ ЃОРЃИ ИЛИЕВСКИ АГИМ НУХИУ